1.157.4.107/458
458

НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР
ЗА ПРИЛЕПСКА ОКОЛИЙА
Секретариат
бр. 274
29.XII.1945 год.
П р и л е п

П р е п и с
===========

До Поверенството на народното стоп.
гр.С к о п и е

Имайки предвид тежкото положение,во кое се наогйа нашата околийа,а нарочно градот Прилеп,каде безработицата е еден тежок проблем,то после подолго проучаванйе на могучностите за запослуванйе на тайа безработна рака,дойдовне до това да можи известен дел да се запосли во ископаванйе и преработуванйе на рудата лискун/моминок, слйуда/.

Према испитуванйето на рударските стручнйаци,инвентар за копанйе на рудата и преработуванйе на истата има достатачно за околу 200-250 души за преработуванйе и околу 40-50 души за копанйе.

Рудниците на лискун во ова околийа можат да почнат работа,нарочно рудникот во Витолиште,Дунйе и Дреновци.Нарочно рентабилни би биле рудниците во Витолиште и Дунйе,каде е рудата и квалитативно по добра од тайа во Дреновци.За работа-копанйе-во Витолиште би можеле да се употребат и два компресори кой се найдуват тамо.Работна рака би можела да се найди делимично од селата,делимично од градот.

Во Прилеп има околу 50-60.000 кгр.лискун непреработен. На преработката негова би можело да се запослат околу 200-300 работници за два до три месеци.За това време,дури да се обработи овай лискун,би можело на рудниците да се копа и транспортира во Прилеп и така би работата течела непрекидно.Бройот на работниците-со развиванйето на работата,постепено би се увеличавал и би можел да достигнит цифрата до 1000.

Ако би се започнала оваа работа,делимично би се разрешил проблемо на незапосленоста во градот,а од друга страна би искористиле една така драгоцена руда за войната индустрийа.

Пращанйе е сега пласманот на преработената руда и почетниот кредит дури да се почни износот.

Пошто рударството подпагйа под Вашето Повереноство,то Ви доставуваме Вам да ни дадете подробни обйасненийа по горните две пращанйа/износот и кредитот/.

Ако во случай Повереноството нема кредити,тайа работа привремено би можела да се реши на локална почва.Така,градската општина на име помокйи дават по 3-4 милиона лева на месец.Ако би се сторила ваква работа,помокйта би се намалила вероватно до 1 мил. а пак расходите за издржаванйе на 200-300 работници,како и за други материйални издатци,не би прехврлиле сумата од 8-10.000.000 лева. Овие пари општината при продайата на преработениот лискун би ги реализирала.-Од друга страна,кредитиранйето на работата,вероватно да би можело да се реши со позаможните трговци,преку државната банка,во кой случай како гаранцийа на трговците би му служел преработениот лискун.

Во секой случай могучности за работа има.Кредитот е малку по тежко пращанйе,но не и нерешлйиво.По сериозна работа е пласманот,а то останува само на повереноството на народното стопанство.

За подробно осветлуванйе на оваа работа,и за поуспешно започнуванйе на истата.Повереноството би напрайло добро,ако испрати некой стручнйак до нас,па до ги убо разсветлиме и разгледаме сите работи.

Во секой случай одговорете ни по ова пращанйе и то што побрго,оти проблемот е хитен.

С.Ф.С.Н.

Секретар, П.Здравкоски | Прочелник на стоп.отдел, К.Х"Спироски | Претседател, А.Смугрески